# ВОВЕД

Секој граѓанин и секоја држава може да биде изложена на различни ризици и закани, кои најчесто настануваат поради слабата економија, политичките и социјалните состојби во секоја држава. Епохата на промени се манифестираше и во македонското општество, со долга транзиција, брза еволуција на организираниот криминалитет, и други економски и полити -чки настани влијаеле на зголемувањето на бројот на нови опасности и закани, како за луѓето така и за самата држава претставува важен проблем и за царинскиот систем и царинското работење што се исклучителна важност за општествените односи.[1]

Современата феноменологија на криминалот се карактеризира со неколку општи тенденции, од кои доминантни се појавата на нови форми на криминал и интернационализација на криминалот во која турбуленција се наоѓа и Република Македонија, од чиешто законито исполнување зависи од остварувањето на целите и функциите на царинскиот систем и царинското работење и справувањето со царинскиот криминалитет. Одлучната борба против царинскиот криминал како царинската измама и криумчарењето низ злоупотреба на царинските документи при увоз на стоки има клучно значење за развојот на демократијата, владеењето на правото и давање еднакво право на сите трговци, увозници граѓани. Самото постоење на државата и нејзините демократски институции би биле загрозени од ваквите кривични дела, особено во младите и сé уште ранливи демократии.

Секоја општествена заедница воспоставува различен вид на правила со кои сака да го регулира однесувањето на луѓето и нивните меѓусебни односи. Правилата на однесување кои ги пропишува државата низ правниот систем се разликуваат од другите правила кои ги практикуваат луѓето (обичаите, моралот). Основната разлика меѓу нив е начинот на нивното создавање и видот на санкцијата за евентуална повреда на тие правила. Правните правила со кои се регулираат односите меѓу луѓето, органите и организациите на

[1] Од падот на железната завеса и распадот на тоталитарниот режим на источниот блок, земјите на Средна, Источна и Југоисточна Европа тргнаа по тешкиот пат на транзицијата каде што за жал припаѓа и Република Македонија. Потребната радикална структурна преобразба не ги опфаќа само стопанскиот и општествениот систем, при преминот кон колку што е можно општествено ориентирано пазарно стопанство, туку нејзин важен составен дел е и изградбата на плуралистичката демократија со активното учество на граѓанското општество.

општествената заедница, како и нивните права, обврски и правни интереси. Примената на материјално-правните правила на конкретни случаи, односно решавањето на поединечни правни состојби или ситуации се спроведува во форма и на начин кој исто така е определен со правни правила. Како би можеле правните правила на материјалното право да ги применат надлежните органи (и организации) потребно е да постојат прописи со кои тоа ќе се регулира, а потоа следуваат казнените санкции.

Научната оправданост на истражувањето на царинските казнени дела се состои во вредноста на сознанијата кои ќе придонесат за збогатување на научните сознанија во казнено-правната област. Во рамките на научниот интерес за истражување на оваа појава има посебно научно и практично значење, бидејќи методолошката обработка на предметот на истражувањето ќе го зголеми степенот на апликативност во оперативната работа на Царинската управа, полицијата и други органи во кои има основна примена. Општественото значење на ова истражување е исто така значајно, бидејќи ќе овозможи пристап до сознанија за предметот на истражувањето, кои долго време беа третирани несоодветно, пред сé, поради природата на делата и органите кои го применуваат.

Значењето на ова проучување добива во значење, бидејќи претставува повеќе обид попрецизно да се утврди и навреме да се казнуваат кривичните дела, како царинската измама и криумчарењето низ злоупотреба на царинските документи при увоз на стоки во Република Македонија.